**20170731343**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 191/16), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16 и 163/16), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15, 213/15 и 39/16), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија" бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16 и 172/16) и член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 13.6.2017 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2017 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.192/16), во делот I табелата се менува и гласи:

„

| Број на мерка | *Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства* | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Директни плаќања за растително производство | 2.000.000.000 |
| 2. | Директни плаќања за сточарско производство | 81.000.000 |
| | *Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството)* | |
| 3. | Помош во премии и осигурување | 70.000.000 |
| 4. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 2.000.000 |
| 5. | Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство | 10.000.000 |
| 6. | Помош во сточарскиот сектор | 12.000.000 |
| 7. | Помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2016 година | 50.000.000 |
| 7-а. | Помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2017 година | 50.000.000 |
| 8. | Дополнителна помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2016 година | 50.000.000 |
| 8-а. | Дополнителна помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2017 година | 50.000.000 |
| 9. | Материјални трошоци за спроведување на Програмата | 15.000.000 |
| 10. | Заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од претходните години | 3.727.857.000 |
| | Вкупно | 6.117.857.000 |

"

II

Во делот III во воведната реченица износот „1.181.000.000“ се заменува со износот „81.000.000“.

III

По делот VIII се додава нов дел VIII-а кој гласи:

„VIII-а

Средствата од дел I мерка 7-а на оваа програма во износ од 50.000.000,00 денари се наменети за помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани настанати во 2017 година, согласно член 99 од Законот за земјоделство и рурален развој.“.

IV

По делот IX се додава нов дел IX-а кој гласи:

„IX-а

Средствата од дел I мерка 8-а на оваа програма во износ од 50.000.000,00 денари се наменети за дополнителна помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани настанати во 2017 година, согласно член 99-б од Законот за земјоделство и рурален развој врз основа на Одлуката за дополнителна помош за настанати загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани донесена од Владата на Република Македонија.“.

V

Во делот XI износот „2.727.857.000“ се заменува со износот „3.727.857.000“.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2641/1
13 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.